FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Healthy Options Project Skopje
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ

# Проценка на ставовите и сознанијата на средношколската популација за феноменот на скриена проституција и трговија со луѓе

Скопје, 2003

Благодарност до лицата кои дадоа свој особен придонес во подготовката и реализацијата на истражувањето:

Марија Савовска - Координатор на Програмата за женски прашања при ФИООМ
Проф. д-р. Верица Стаменкова Трајкова - Стручен Консулатант
Бранко Докузовски - Супервизор
Дипл. соц. раб. Марија Тошева - Координатор на проект и главен истражувач

Издавач: ХОПС - Опции за здрав живот Скопје / ФИООМ ??
Уредник: Марија Тошева
Дизајн: Давор Смиланов
Печат: Интеа Прес
Тираж :

**СОДРЖИНА**


1. Вовед ........................................................................................................ 4

2. Основа на истражувањето ………………………………………………….. 6

3. Цели и задачи на истражувањето ………………………………………….. 8

4. Профил на местото на истражување ……………………........................... 8

5. Применети методи и техники во истражувањето ……………………….. 10

6. Истражувачки тим …………………………………………………… ........... 11

7. Стратегија на истражување ……………………………........................... 11

8. Резултати од истражувањето ........................................................................ 13
   8.1. Структура на испитаниците ...................................................................... 13
   8.2. Сексуални навики, познавања за СПИ и заштита ................................ 15
   8.3. Сознанија и индикатори за постоење на облици на комерцијален секс меѓу млади на средношколска возраст ........................................... 29
   8.4. Сознанија и индикатори за ризиците од вовлекување во трговија со луѓе на млади лица на средношколска возраст ....................................... 34

9. Заклучоци и предлози .................................................................................. 51

Анекс 1 : Прашалник ..................................................................................... 54

## 1. ВОВЕД

Во последните 10-13 години, Р. Македонија, како и останатите земји во транзиција, се соочува со големи општествено-политички промени. Промената на претходниот правен и политички систем, постојаните меѓуетнички тензии кои кулминираа со воениот конфликт во 2001, колективната депресија и преориентацијата кон пазарно стопанство доведоа до економска нестабилност, екстремно висока стапка на невработеност (над 30%невработено население) и последователно до висок степен на сиромаштија.

Од друга страна социјалната политика спроведувана од Владата на Р. Македонија не беше доволно насочена кон превенција на социјалните проблеми, а социјалните, здравствените и правните институции се соочуваат со постојаната хронична состојба: многукратно зголемен обем на работа, недостаток на финансии, формално-административни бариери, бирократизација, недоволна соработка и координираност, недоволна информираност за современите концепти и методи на работа со проблемите кои се резултат на новонастанатите прилики итн.

Како резултат на продолжената транзициона криза, одредени општествени групи се најдоа на маргините на општествените текови, од кои секако најранливи во однос на сите актуелни дилеми и проблеми се младите. Соочувајќи се со сопствените развојни кризи, но и со невработеноста и сиромаштијата во семејството, разлабавената семејна структура и распадот на традиционалните животни и семејни вредности, тие се повеќе се чувствуваат отуѓени и осамени при што често развиваат одредени облици на ризично однесување: употреба на различни видови на дроги, незаштитени сексуални односи итн.

Несигурноста во сопствената иднина и вообичаената адолесцентска желба за поинаков живот доведоа до создавање на изместен систем на вредности кој во најголема мера е причинител на сите специфични облици на ризично однесување, меѓу кое се поактуелен станува феноменот на таканаречената “скриена” проституција меѓу младите. Се работи за специфичен облик на проституција различен од најчесто идентификуваните (улична проституција, јавни куќи, агенции за придружба) и тоа по многу основи:

- системот на вредности според кои се раководи т.е начините и причините за вакво однесување (за парче гардероба, парфем и сл);
- прикриеноста на ваквото однесување зад имиџот на добри девојчиња, и најважното
- неразвиената свест за ризиците од сопственото однесување.

Иако во текот на секојдневните меѓусебни разговори често се шпекулира и нагаѓа за ваквите појави меѓу младите, всушност постојат многу малку научни сознанија за тоа, бидејќи никој досега кај нас не се занимавал со истражување на оваа проблематика.

Всушност во Македонија отсуствуваат научни и систематски сознанија за комерцијалните сексуални услуги воопшто, што комбинирано со отсуството на јасен општествен став кон оваа појава доаѓа до израз во неизградениот нормативен систем со јасно дефинирани мерки и органи што се занимаваат со превенирање и следење на оваа појава. Со проблемот на комерцијалната сексуална работа во Македонија се занимаваат органите за внатрешни работи како со проблем на нарушување на јавниот ред и мир и нејзината поврзаност со одредени криминални активности, и Центрите за социјална работа кои со лицата вклучени во комерцијалната сексуална работа се среќаваат како со социјални проблеми (пр. самохрани мајки; материјално необезбедени лица и сл.). Обата органи имаат различни дефиниции и пристапи кон оваа појава, не ја следат систематски, не водат евиденција и други податоци за истата. Уште помалку се води сметка за поставување на инфраструктура за истражување и развивање на превентивни програми (Завод за социјални дејности, Проституцијата во Македонија, 1996, Скопје).

Меѓутоа дека облици на ваков вид ризично однесување постојат меѓу младите, докажува мини-анкетата спроведена (токму со таа цел) меѓу група средношколци, за кои одредени моменти од овој феномен не беа непознати.

Воедно, присуството на ваквите облици на однесување и недостатокот на искуство ја прави оваа популација лесна за манипулации и многу подложна и на феноменот на принудна проституција и трговија со луѓе, кои зазимаат се поголеми размери во сите транзициони земји. Се поголем број на млади луѓе заминуваат во странство одговарајќи на привлечните понуди за работа (бебиситери, фотомодели, келнери итн.), но никој нема информации колку од нив успеале во своите намери, а колку станале жртви на развиените мрежи за трговија со луѓе. А со оглед на неразвиената и запоставена информативна и едукативна компонента во рамките на воспитно образовниот процес во однос на ваквите појави во општеството, се поставува прашањето: со колкави познавања за ризиците што ги чекаат овие млади луѓе заминале од дома.

Тргнувајќи од сето горенаведено, сам по себе се наметнува следниов генерален заклучок: се соочуваме со млада популација незадоволна од условите за живеење во земјава, желна за поинаква перспектива и полесен живот, меѓутоа без искуство и информации, и со несоодветна институционална структура за подготвување на младите за опстанување во овие кризни услови и превенирање на сите несакани облици на ризично однесување.

## 2. ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

ХОПС - Опции за здрав живот е невладина, непрофитна и непартиска организација, која започна со работа како проект поддржан од Линдесмит Центарот и Институт Отворено Општество Македонија во 1997 година. Од тогаш активно работи на развивање на програми за: намалување на штетните последици од употреба на дрога, превенција на ХИВ/СИДА и други сексуално и по крвен пат преносливи болести, како и социјална реинтеграција и ресоцијализација на младите и други вулнерабилни групи во Република Македонија.

Во 2000та година ХОПС започна со имплементација на проект (проект МАРИЈА) чии активности се насочени кон превенција на ХИВ/СИДА и други полово преносливи инфекции, како и развивање на сервиси за помош на комерцијалните сексуални работнички кои своите услуги ги нудат на отворена сцена (улица) во Скопје и нивните семејства.

Активностите се одвиваат исклучиво на терен и вклучуваат: дистрибуција на бесплатни кондоми, дистрибуција на информативен и едукативен материјал за превенција на ХИВ/СИДА и други КСПИ, за различните видови на контрецаптивни средства, штетните последици од употреба на различни видови дроги, едукација за безбеден секс и безбедно инјектирање, услуги од социјален работник (информации и консултации за добивање на социјална помош, здравствено осигурување, документи за лична идентификација, посредување при процедури и заедничка посета со клиент во владини институции, посета на клиент во негово живеалиште, психосоцијална поддршка и сл.), бесплатни совети и помош од правен аспект, бесплатни гинеколошки прегледи и контрацепција за комерцијални сексуални работнички кои по никој основ не остваруваат право на здравствена заштита, едукација на студенти и овозможување на практична настава за истите во рамките на ХОПС (теми: теренска работа со ранливи групи и развивање на сервиси во локална заедница).

Иако активностите на проект МАРИЈА се однесуваат на уличната сексуална работа и не опфаќаат примарна превенција на самата дејност, туку се насочени кон секундарна и терцијална превенција, тригодишното работно искуство на тимот на ХОПС вклучува и следење на општите трендови во комерцијалната сексуална работа воопшто (тука се подразбира не само улична, туку и клубска, хотелска итн. КСР), прибирање информации и податоци за движењето на сцената, факторите кои ги условуваат тие движења и слично.

Следењето на споменатите трендови не соочи со информации за нова појава меѓу млади на средношколска возраст, кои според неофицијалните податоци се случува да излегуваат со постари лица, кои заведувајќи ги со скапи подароци, гардероба, парфеми, носејќи ги на патувања и викенди, за

возврат очекуваат сексуални услуги. Општата сиромаштија, невработеноста во семејството, разлабавената семејна структура и отуѓеноста, недостатокот на љубов и топлина кои резултираат, но и големите медиумски кампањи и реклами за различни видови луксузни брендови и желбата да се биде во чекор со сите нови трендови, ги наведуваат младите лесно да ги прифаќаат споменатите понуди. Притоа под влијание на наброените сложени прилики создаваат еден нов изместен систем на вредности според кој се подразбира дека љубовта треба да се докажува и покажува со давање материјални добра, така да не можејќи да го воочат моментот на давање надомест во вид на подарок за сексуална услуга, воопшто не се свесни дека вршат комерцијализација на сексуалниот однос. Прикриеноста на ваквите односи зад имиџот на примерни младинци, непризнавањето на комерцијалниот момент и неможноста истиот да се класифицира како класичен вид на проституција, за новонастанатиот тренд не наведе да го користиме терминот скриена проституција како специфичен облик на малолетна проституција.

Со оглед на тоа дека државните органи сеуште немаат развиено механизми за следење и превенирање на ваквите трендови меѓу младите, а станува збор за малолетни лица кои се ранливи во однос манипулација и заведување од страна на искусни лица, што освен со подведување може да заврши и со тргување со луѓе, тимот на ХОПС под координаторство на Координаторот за женски прашања при ФИООМ г-ѓа Марија Савовска се заинтересира за оваа тема и реши да преземе конкретни активности.

Во таа насока логично беше најпрво да се испита постоењето на ваквите појави, и во зависност од добиените сознанија да се креираат натамошни активности.

Најпрво се спроведе мини-анкета меѓу група средношколци, со цел проверка на информациите за кои веќе е спомнато дека кружат како неофицијални. Анкетата покажа дека младите се свесни за постоење на одредени облици на комерцијализација на сексуалните односи меѓу своите врсници. Добиените резултати беа показател дека има потреба од подготовка и спроведување на пообемно истражување каде поцеловито ќе бидат опфатени сите важни фактори, индикатори и ризици за вовлекување на младите во комерцијални сексуални односи и трговија со луѓе, како основа за идни активности.

## 3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето има за цел проценка на ставовите и познавањата на младата популација за специфичните облици на малолетна проституција и трговија со луѓе, како и проценка на индикаторите кои би укажале на постоењето на вакви појави.

За да се добие целосна слика беше потребно да се испитаат неколку аспекти на однесувањето на младите:

1. сексуални навики, познавања за КСПИ, заштита;
2. сознанија за постоење на облици на комерцијален секс помеѓу младите, индикатори за можното впуштање во таков вид односи;
3. сознанија и ставови за трговијата со луѓе, индикатори кои укажуваат на ризиците кои можат да доведат до запаѓање на младите во мрежите на трговците со луѓе;

Резултатите од истражувањето би биле основа за креирање и развивање на конкретни активности за превенција на скриена проституција и трговија со луѓе меѓу млади лица на средношколска возраст спроведувани од тимот на ХОПС.

Воедно истите би биле основа и за развивање на стратешки насоки (акционен план) за развој и имплементација на превентивни активности за скриена проституција и трговија со луѓе базиран врз принципот на споделена одговорност помеѓу сите релеванти актери (релевантни Министерства, ЦСР, воспитно-образовни институции, НВОи) бидејќи само со мултисекторски координиран пристап може да се направат посуштински интервенции и промени.

## 4. ПРОФИЛ НА МЕСТОТО НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето се спроведе на територија на град Скопје. Скопје е главен град на Република Македонија. Лоциран е во северниот дел на Македонија и покрива површина од 225км². Според пописот во 1994 година, вкупниот број на жители во земјата изнесува околу 2 милиона од кои повеќе од една четвртина (околу 600 000) живеат во главниот град.

Скопје се простира во долината на реката Вардар која го дели градот на два дела. Повеќето владини и административни институции се концентрирани но делот кој се простира на левиот брег на Вардар: Македноскиот Народен Театар, Националната библиотека, Универзитетскиот Кампус, Македонската Национална Радиотелевизија, Театарот на Турската и Албанската Драма, Уставниот Суд и Криминалниот Суд на Република Македонија и сл. Воедно и единствените архитектурни и културни споменици егзистираат во овој дел од

градот: Старата скопска чаршија, Даут Пашин Амам, Јаја Пашин Амам, Капан ан, старото скопско Кале итн.

Од друга страна најголем дел од Албанското, Турското и Ромското население живее во заедници лоцирани во левиот дел од Скопје т.е ова важи за мултиетнички регион, но и регион во кој социјалната беда и отуѓеноста се најсилно изразени. Голем дел од жителите на овој регион се припадници на најсиромашниот општествен слој, претежно живеат во многучлени семејства во кои никој или само еден член заработува средства за живот. Нивото на образование и информираност за општествените трендови е ниско што доведува до маргинализација и ранливост во однос на многу актуелни проблеми.

Делот од градот кој се простира на десниот брег на Вардар воглавно е граден по катастрофалниот земјотрес во 1963 година, така да претставува модерна, урбана зона со сите одлики на една урбана метропола. Градскиот и граѓанскиот живот со сите свои движења и случувања воглавно се одвиваат во овој дел од градот.

Скопје е економски, финансиски и културен центар на Македонија. Тој е и универзитетски центар со повеќе од 25 000 студенти, како и многу други образовни иституции со околу 60 000 ученици.

Во Р.Македонија има вкупно 96 средни училишта во 34 градови низ земјата. Најголем број од нив, 29, се во Скопје, а останатите во просек од 1-7 во другите градови.

За потребите на проектот беа селектирани 6 средни државни училишта во Скопје. За изборот на училиштата решавачки беа следниве фактори: локација, реноме на училиштето според стандард и успех на учениците, структура според пол на учениците, структура според националност и слично, а се со цел да се добие шареноликост на истражувачкиот примерок, така да во изборот влегоа:

1. ДСУ Васил Антевски Дрен
2. ДСУ Арсениј Јовков
3. ДСУ Димитар Влахов
4. ДСУ Михајло Пупин
5. ДСУ Зеф Љуш Марку
6. ДСУ Цветан Димов

## 5. ПРИМЕНЕТИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основната техника која се користеше за прибирање на податоци е прашалникот. Оваа техника е најпозната и најчесто користена во праксата и се однесува на инструментот за собирање одговори на прашањата кои се од значење за предметот на истражување со употреба на формулари кои се состојат од низа прашања кои се логично поврзани со основниот проблем (Видановиќ И. 1991).

За целта на истражувањето беше креиран прашалник кој се состои од 39 стандандизирани прашања од кои 37 се од затворен тип со понудени одговори, а 2 се од отворен тип.

Со оглед на тоа што прашањата се од интимен карактер, што бара одредена доверба и слобода за искрени одговори, пополнувањето на прашалникот беше анонимно што е наведено и во самиот прашалник и усно образложено од страна на анкетарите за време на анкетата. Дискрецијата е загарантирана, а личните податоци на анкетираните се сосема ирелевантни за постигањето на целта на истражувањето.

Бидејќи со истражувањето беа опфатени и ученици од албанската националност кои учат на мајчин јазик, прашалникот беше преведен и пополнуван на два јазика: македоски и албански.

Примерокот на истражување се бираше по примерок на квота. При креирањето на стратегијата на истражување беше утврдено дека за вадење на релевантни заклучоци ќе биде доволно опфаќање на 1000 испитаници, што би значело по околу 160 ученици од 6те селектирани училишта.

Во комункацијата со управата на селектираните училшта и лицата задолжени за организирање на анкетирањето беше образложено дека за целите на истражувањето потребни се испитаници од различен пол, на различна возраст, национална припадност, различен социјален статус и успех во учењето.

По анализата на потребите и можностите беше утврдено дека наместо да се бираат поединци (при што би било комплицирано да се запазат потребните белези и случајноста на примерокот), посоодветно е да се одбере цел клас бидејќи секој клас сам по себе е хетероген во однос на сите потребни белези: пол, националност, социјален статус, успех во учењето. За да биде запазена возрасната разлика беа бирани класови од сите години - Iва, IIра, IIIта и IVта, со акцент на IIIта и IVта поради специфичноста на прашањата (сексуални навики, познавања, согледувања и ранливост во однос на комерцијален секс и трговија со луѓе).

Кои класови ќе влезат во примерокот бираа одговорните лица од школите (педагози, психолози) при што решавачки фактор беше бројноста на класот (отприлика да одговара на претходно планираната бројност на примерокот).

## 6. ИСТРАЖУВАЧКИ ТИМ

Работниот тим го сочинуваа:

1. Дипл. соц.раб. Марија Тошева - координатор на истражувањето, подготвувач на прашалникот и главен аналитичар на податоците;
2. Дипл. соц.раб. Наташа Јаневска Николовска - подготвувач на прашалникот;
3. Проф. д-р. Верица Стаменкова Трајкова - стручен консултант и тренер на анкетарите;
4. Бранко Докузовски - Извршен Директор на ХОПС, супервизор на активностите;
5. Силвана Наумова
6. Ариан Сали
7. Оливера Наумоска
8. Ана Ѓоргиоска
9. Билјана Младеновска
10. Александра Ангеловска

(студенти при Институтот за Социјална работа и Социјална политика - спроведувачи на анкетата)

## 7. СТРАТЕГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето беше спроведено според наведените фази:

1. Основање на работен тим;

2. Креирање на прашалник за истражување;

3. Пробно проучување т.е проверка на соодветноста и разбирливоста на прашањата од прашалникот помеѓу група на средношколци, нивна повратна информација и корекција на прашалникот;

4. Поднесување на барање за спроведување на истражувањето до надлежното Министерство за Образование. Готовиот прашалник, заедно со комплетната документација за целите и активностите на предлог проектот беа доставени до Државиот секретар во Министерството за Образование со цел да се добие одобрение за спроведување на истражувањето во рамките на селектираните државни училишта. Барањето беше одбиено со образложение дека Агенција за млади и спорт веќе имплементира слични активности. Во оваа фаза која траеше 7 месеци активностите беа во прекин. По парламентарните избори во месец септември и промената на власта, се

отпочна со нова постапка за добивање на одобрение за спроведување на истражувањето во средните училишта. Министерството за образование го издаде бараното одобрение во почетокот на Јануари 2003;

5. Селекција на 6 волонтери од Институтот за Социјална работа и социјална политика и нивно обучување за спроведување на анкетата во средните училишта;

6. Воспоставување контакти со управите на селектираните училишта со цел запознавање со целта и методологијата на истражувањето, како и договарање на конкретни термини, примерокот кој ќе биде опфатен и сл.;

7. Спроведување на анкетата;

8. Креирање на електронска верзија на база на податоци со цел квантитативна анализа на добиените податоци;

9. Внес на податоци и квантитативна анализа на истите;

10. Квалитативна анализа на податоците и подготовка на завршен извештај;

11. Подготовка на завршниот извештај;

12. Дизајнирање, печатење и дистрибуција на завршниот извештај;

## 8. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 8.1 СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

Во проценката на ставовите и сознанијата на средношколската популација за феноменот на скриена проституција и трговија со луѓе, беа опфатени 1045 средношколци од шест државни училишта и тоа:

| Училишта | Испитаници | |
|---|---|---|
| | | |
| Арсениј Јовков | 164 | 15.7% |
| Димитар Влахов | 166 | 15.9% |
| Зеф Љуш Марку | 217 | 20.8% |
| Михајло Пупин | 145 | 13.9% |
| Цветан Димов | 169 | 16.2% |
| Васил Антевски - Дрен | 159 | 15.2% |
| Не одговориле | 25 | 2.4% |
| | | |
| Вкупно | 1045 | 100.0% |

Структурата на средношколците според пол, возраст, и етничка припадност е следната:

**Табела бр.1**
**Структура според возраст**

| Год. на раѓање | Испитаници |
|---|---|
| | |
| 1982 | 0.1% |
| 1983 | 1.1% |
| 1984 | 19.1% |
| 1985 | 31.5% |
| 1986 | 23.2% |
| 1987 | 17.2% |
| 1988 | 4.8% |
| 1989 | 0.2% |
| Не одговориле | 2.9% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |



**Табела бр.2**
**Структура според пол**

| Пол | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Машки | 45.7% |
| женски | 53.6% |
| Не одговориле | 0.7% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




**Табела бр.3**
**Структура според етичка припадност**

| Етничка припадност | Македонска | Албанска | Турска | Влашка | Ромска | Српска | други | Не знам | Не одговарам | Без одговор. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Испитаници | 698 | 222 | 17 | 5 | 21 | 24 | 36 | 5 | 7 | 10 | 1045 |
| Испитаници | 66.8% | 2120.0% | 1.6% | 0.5% | 2.0% | 2.3% | 3.4% | 0.5% | 0.7% | 1.0% | 100.0% |




Со оглед на темата која се обработува (сексуални навики/активност, познавања, согледувања и ранливост во однос на проституција и трговија со луѓе) акцентот е ставен на 17 и 18 годишна возраст, додека половата и етничката структура е рамномерно запазена.

## 8.2 СЕКСУАЛНИ НАВИКИ, ПОЗНАВАЊА ЗА СПИ И ЗАШТИТА

Со цел да се добие појасна слика за навиките и интересите на младите, истите најпрво беа запрашани дали излегуваат во вечерните часови, каде најчесто се движат и со кого. Овие прашања вкрстени со возраста и полот на испитаниците ни овозможуваат да ги испитаме актуелните трендови.

**Табела бр.4**
**Дали излегуваш во вечерните часови?**




Од добените податоци се гледа дека најголем дел од младите се активни во ноќните излегувања. Се покажа дека излегувањата не зависат од возраста т.е излегуваат сите од 14 до 20 години, со одредени исклучоци од сите возрасни групи што најверојатно е поврзано со други специфични фактори.

Полот исто така не е битно поврзан со излегувањата. Излегуваат и машките и девојчињата, меѓутоа машките излегуваат почесто од девојчињата.

**Табела бр.5**
**Каде најчесто се движиш во вечерните часови?**

| Каде најчесто се движиш во вечерните часови | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Диско | 27.6% |
| Кафулиња | 34.1% |
| Останувам дома | 8.6% |
| Во маало | 20.3% |
| Друго | 7.3% |
| Не одговориле | 2.2% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Најчесто места за излегувања се: кафулиња (34.1%), дискотеки (27.6%), во маало (20.3%), на друго место (7.3%) што подразбира одење по роднини, во интернет кафе, на спортски натпревари, па дури и на верски состаноци, додека само 8.6% останувaат дома. Значи актуелни и посетени се сите оние места наменети за млади.

**Табела бр.6**
**Со кого најчесто излегуваш?**

| Со кого најчесто излегуваш | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Со пријатели | 54.3% |
| Момче/девојка | 22.9% |
| Со познаници | 15.4% |
| Други | 6.0% |
| Не одговориле | 1.5% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Како што се гледа од табела бр.6 младите најчесто се движат со другари и пријатели (54.3%), со момче или девојка (22.9%), со познаници (15.4%) и друго (што во најголем случаи подразбира роднини, брат или сестра) 6%.

**Табела бр.7**
**Дали си имал прво сексуално искуство?**

| Дали си имал/а прво сексуално искуство | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 33.2% |
| Не | 65.3% |
| Не одговориле | 1.5% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Со цел да видиме дали впуштањето во сексуални односи зависи од полот и националната припадност ги вкрстивме наведените белези:

**Табела бр.7а**




Според добиените податоци испитаниците од машки пол порано и почесто се впуштаат во сексуални односи ( 78.22% од сексуално активните лица се машки), за разлика од женските (21.47% од сексуално активната бројка), меѓутоа постои можност да девојчињата од срам имаат дадено негативен одговор, додека пак машките заради докажување или фалење имаат дадено потврден одговор, така да глобалните проценти може да сметаат за точни, меѓутоа половата структура би можела да е поразлична од прикажената.

Од добиените податоци (табела бр.7а) можеме да воочиме дека во однос на етничката припадност и сексуалната активност кај лицата од машки

пол не постои поголема разлика. Меѓутоа, кај женските лица етничката припадност се покажа како битен белег. Имено од вкупната бројка сексуално активни женски лица дури 85.71% се од македонска националност, 7.14% се од српска и 4.28% се од албанска националност. Испитаните девојчиња од турска, влашка и ромска националност не се сексуално активни. Ова може да се поврзе со задржаните традиционални вредности кај различните етнички групи кои особено се однесуваат на девојчињата и се поврзани со невиноста како морална вредност.

**Табела бр. 8**
**На колку години си го доживеал/а своето прво сексуално искуство?**

| На колку години си го доживеал/а своето прво сексуално искуство | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Пред 14 год. | 2.5% |
| Од 14-16 год. | 14.4% |
| Од 16-18 год. | 16.6% |
| Не сум го доживеала | 56.7% |
| Не одговориле | 10.0% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Значи, од испитани 1045 младинци до 18 години 33,2% веќе имаат доживеано прво сексуално искуство, од кои на 2,5% тоа им се случило пред 14 годишна возраст, на 14,4% од 14-16 години, а на 16,6% од 16-18 години.

Овие проценти покажуваат дека дел од младите рано се впуштаат во сексуални односи, при што долната граница веќе паѓа и под 14 години.

**Табела бр.9**
**Дали имаш постојан партнер (дечко/девојка)?**

| Дали имаш постојан партнер (дечко/девојка) | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 34.5% |
| Не | 62.3% |
| Не одговориле | 3.2% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




34.5% од испитаните одговориле дека имаат постојан партнер т.е дечко или девојка, а 62,3% дека немаат постојан партнер. Според извештаите на анкетарите дел од испитаниците одговарајќи дека имаат постојан партнер не

секогаш мислат на сексуален партнер, туку на дечко/девојка со која имаат платонска врска што трае подолго време. Овој заклучок е добиен врз основа на прашањата и дискусиите на испитаниците поврзани со оваа прашање во текот на изведувањето на анкетата.

**Табела бр.9а**

| Дали имаш постојан партнер | Дали си имал/а прво секс.искуство | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не одговориле | Вкупно |
| Да | 17.2% | 16.7% | | 34.0% |
| Не | 15.8% | 45.7% | | 61.5% |
| | | | 4.5% | 4.5% |
| | | | | |
| Вкупно | 33.0% | 62.5% | 4.5% | 100.0% |

Со цел да видиме дали впуштањето во сексуални односи е поврзано само со еден (постојан) партнер, оваа прашање го вкрстивме со прашањето дали испитаниците имале прво сексуално искуство.

Притоа увидовме дека 52.12% од лицата кои имаат сексуално искуство имаат и постојан партнер, но и дека дури 47.87% од лицата кои имаат сексуално искуство немаат постојан партнер.

Овие бројки укажуваат дека првото сексуално искуство младите не го поврзуваат со постоење на еден постојан партнер со кој оствариле одреден степен на блискост, и дека менувањето на сексуалните партнери не е ретка појава меѓу младите. Ова го потврдуваат и прашањата што следат.

**Табела бр.10**
**Доколку НЕ (доколку немаш постојан партнер), дали често ги менуваш секс. партнери?**

| Доколку НЕ, дали често ги менуваш сексуалните партнери | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 11.3% |
| Не | 63.1% |
| Не одговориле | 25.6% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




На прашањето дали често ги менуваат сексуалните партнери, 11.3% одговориле со ДА, 63.1% одговориле со НЕ, а 25.6% не одговориле. Ако тие 11.3% кои тврдат дека често ги менуваат сексуалните партнери ги ставиме во релација со 33.2% на вкупно испитаници кои се сексуално активни, тогаш

добиваме бројка од 34% на сексуално активни лица кои често ги менуваат сексуалните партнери.

**Табела бр.11**
**Колку често ги менуваш сексуалните партнери?**

| Колку често ги менуваш сексуалните партнери | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Секоја вечер | 2.3% |
| Еднаш неделно | 2.5% |
| Еднаш месечно | 9.3% |
| На шест месеци | 6.6% |
| На подолг интервал од 6 месеци | 19.5% |
| Не одговориле | 59.8% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




На прашањето колку често ги менуваат сексуалните партнери 2,3% одговориле секоја вечер; 2,5% еднаш неделно; 9,3% еднаш месечно; 6,6% на шест месеци; 19,5% на интервал подолг од шест месеци, а 59,8% не одговориле на прашањето (тоа се оние лица кои одговориле дека немаат доживеано сексуално искуство).

Одговорите кои ги добивме се поразителни, бидејќи се покажа дека голем дел од сексуално активните лица доста често ги менуваат сексуалните партнери (секоја вечер, еднаш неделно, еднаш месечно). Со цел да испитаме дали се работи за несериозно одговорено прашање и да ги елиминираме невалидните одговори ова прашање го вкрстивме со прашањето "дали си имал прво сексуално искуство", при што ја добивме следнава слика:

**Табела бр.11а**

| Колку често ги менуваш сексуалните партнери | Дали си имал/а прво сексуално искуство | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Вкупно |
| Секоја вечер | 1.6% | 0.6% | | 2.2% |
| Еднаш неделно | 1.8% | 0.7% | | 2.5% |
| Еднаш месечно | 6.3% | 2.8% | | 9.1% |
| На 6 месеци | 4.5% | 2.1% | | 6.6% |
| На повеќе од 6 месеци | 10.9% | 8.4% | | 19.3% |
| Не одговориле | | | 60.3% | 60.3% |
| | | | | |
| Вкупно | 25.2% | 14.5% | 60.3% | 100.0% |

Од табелата се гледа дел од испитаните иако немаат доживеано сексуално искуство одговарале на прашањето што може да се должи на:

- несериозно сфатен прашалник, или

- поимањето на сексуалниот партнер како дечко/ девојка со која се разменуваат бакнежи и милувања.

Меѓутоа, и покрај елиминираните невалидни одговори, сепак останува бројка од 1,6% на лица кои тврдат дека секоја вечер ги менуваат сексуалните партнери; 1,8% еднаш неделно; 6,3% еднаш месечно; 4,5% на шест месеци и 10,9% на повеќе од шест месеци, што дава застрашувачка слика за сексуалниот живот на младите.

Како тоа изгледа според половата структура се гледа од следнава табела:

**Табела бр.11б**

| | Машки | женски | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Секоја вечер | 2.0% | 0.3% | | 2.3% |
| Еднаш неделно | 2.1% | 0.4% | | 2.5% |
| Еднаш месечно | 8.5% | 0.8% | | 9.3% |
| На 6 месеци | 5.6% | 1.0% | | 6.5% |
| На повеќе од 6 месеци | 12.4% | 6.9% | | 19.3% |
| Не одговориле | | | 60.1% | 60.1% |
| | | | | |
| Вкупно | 30.6% | 9.3% | 60.1% | 100.0% |

Поголемиот дел од одговорите отпаѓаат на испитаниците од машки пол, меѓутоа тое е нормално со оглед на тоа што поголем број на лица кои се сексуално активни се всушност од машки пол. Тука можеби треба да се земе во обзир и факторот на фалење и докажување кај момчињата кој може да доведе до претерување кога станува збор за сексуални подвизи.

**Табела бр.12**
**Дали користиш средства за контрацепција?**

| Дали си имал/а прво сексуално искуство | Дали користиш средства за контрацепција | | |
|---|---|---|---|
| | Да | Не | Вкупно |
| | | | |
| Да | 25.7% | 6.4% | 32.1% |
| Не | 8.7% | 24.6% | 33.3% |
| | | | |
| Не одговориле | | | 34.6% |
| | | | |
| Вкупно | 34.4% | 31.0% | 100.0% |

На прашањето дали користат средства за контрацепција 25,7% (односно 80,07% од сексуално активните испитаници) потврдиле дека користат средства за контрацепција, додека 6,4% (односно 19,93%) не користат. Од вкрстените белези се гледа дека 8,7% (односно 26,12%) од

лицата кои изјавиле дека немаат сексуално искуство, потоа одговориле дека користат средства за контрацепција што наведува на два можни заклучока:

- неискрено одговориле на прашањето дали имаат доживеано прво сексуално искуство (поради срам или сл.);
- немаат познавања за поимот контрацепција т.е не знаат што тоа точно значи;

Иако од ова може да се заклучи дека голем дел од тие кои се впуштиле во сексуални односи ја сфаќаат важноста и потребата за користење на средства за заштита, бројката од 19,93% сексуално активни лица кои не користат средства за контрацепција, и 26,12% сексуално неактивни лица кои можеби не го разбираат поимот контрацепција укажува на потребата воспоставување и зајакнување на системот за здравствено и сексуално образование помеѓу младите.

**Табела бр.13**
**Кои контрацептивни средства најчесто ги користиш?**

| Кои контрацептивни средства најчесто ги користиш | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Кондом | 37.8% |
| Контрацептивни пилули | 0.5% |
| Спирала | 0.5% |
| Прекинат сексуален однос | 2.2% |
| Други | 16.6% |
| Не одговориле | 42.4% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Тука повторно се појавува истата контрадикторност како од претходното прашање, бидејќи и оние испитаници кои изјавиле дека немаат сексуално искуство, одговараат дека користат средства за контрацепција. Тоа повторно може да се толкува на два начина:

- прво, од срам одрекуваат дека се сексуално активни, или
- второ, размислуваат по принципот “што би било кога би било” т.е кога би биле сексуално активни кои средства за контрацепција би ги користеле.

Сепак од одговорите се гледа дека младите како главно средство за контрацепција го препознаваат кондомот, што всушност е најсоодветно и од аспект на нивна возраст и од аспект на заштита од СПИ.

**Табела бр.14**
**Дали имаш познавања за сексуално преносливи болести?**

| Дали имаш познавања за сексуално преносливи инфекции | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Немам | 7.2% |
| Малку | 44.9% |
| Имам познавања за СПИ | 44.4% |
| Не одговориле | 3.5% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Во однос на тоа дали имаат познавања за сексуално преносливи инфекции 7,2% одговориле дека немаат никакви сознанија, 44,9% одговориле дека имаат малку познавања за СПИ, 44,4% одговориле дека имаат доволно познавања за СПИ, а 3,5% не одговориле на прашањето.

Со оглед на структурата на прашалникот не сме во состојба да изведеме заклучок за колкави сознанија станува збор и дали информациите со кои располагаат младите се вистински или се работи за улични митови, меѓутоа и самата бројка од 52.1% испитани кои НЕМААТ или имаат МАЛКУ сознанија за СПИ, укажува на незадоволителното ниво на информираност на младите по оваа прашање.

**Табела бр.14а**



Во однос на полот, воочивме дека машките се поинформирани од девојчињата - 59.56% од вкупниот број девојки немаат или имаат малку информации за СПИ, за разлика од 48,23% на машки кои го изјавиле истото; и 40.43% од девојките тврдат дека имаат познавања за СПИ, наспроти 51.76% од вкупниот број на машки лица кои го изјавиле истото.

Во однос на возраста приметно е дека со повеќе информации располагаат повозрасните (17-18 год.), додека помладите (14,15 и 16год.) почесто изјавуваат дека имаат малку или воопшто немаат сознанија за СПИ.

**Табела бр.14.б**




Во однос на етничката припадност, се покажа дека испитаниците од албанската националност имаат најмалку информации за сексуално преносливи инфекции, особено испитаниците од женски пол. Слабо информирани се и испитаниците од женски пол а турска националност, што не важи и за машките испитаници од истата етничка група.

Имено 12.35 % од вкупниот број машки испитаници од албанска националност и 23% од женските испитаници немаат воопшто познавања за СПИ, 46.06% од машките и 51.32% од женските имаат малку познавања за СПИ, а 40.44% од машките и само 25.66% од женските сметаат дека имаат доволно познавања за СПИ.

Понатака, 18.18% од девојките со турска националност немаат познавања за СПИ, 36.36% имаат малку познавања, а 45.45% сметаат дека имаат доволно познавања за СПИ, што значи дека повеќе од половината испитани не се сигурни во информациите со кои располагаат. За разлика од девојките, 50% од машките испитаници од турска националност изјавиле дека имаат малку познавања за СПИ, и 50% дека имаат доволно познавања.

Што се однесува до другите етнички групи бројките се поразлични. На пример 1.62% од машките испитаници од македонска националност и 5.34% од женските испитаници изјавиле дека немаат познавања за СПИ, што е значително помалку од гореспоменатите етнички групи. Дека имаат малку познавања изјавиле 44.48% од машките и 49.55% од женските, а дека имаат доволно познавања за СПИ изјавиле 54.22% од машките и 45.10% од женските испитаници од македонска националност.

Со приближно исти проценти се имаат изјаснето и припадниците на другите етнички групи: српска, влашка и ромска.

Ова повторно не наведува на заклучокот дека културата, традиционалните вредности, и нормите карактеристични за одредени етнички групи, во случајов албанската и турската, влијаат на односот кон сексуалната активност и сите прашања поврзани со оваа тема.

**Табела бр.14в**

| Дали имаш познавања за СПИ | Дали си имал прво сексуално искуство | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Вкупно |
| Немам | 0.6% | 3.0% | | 3.6% |
| Малку | 6.3% | 15.8% | | 22.1% |
| Имам познавања за СПИ | 9.6% | 12.3% | | 21.9% |
| Не одговориле | | | | 52.4% |
| | | | | |
| Вкупно | 33.2% | 65.3% | | 100.0% |

Сакајќи да видиме дали лицата кои се веќе сексуално активни имаат познавања за СПИ ги вкрстивме наведените прашања при што добивме бројка од 1.8 % на лица кои се сексуално активни, а кои НЕМААТ никакви сознанија за СПИ; 18.97% сексуално активни лица кои сметаат дека имаат МАЛКУ сознанија за СПИ, и 28.91% сексуално активни лица кои сметаат дека ИМААТ сознанија за СПИ.

За останатата бројка од 50.31% на сескуално активни лица поради не давањето одговор на било кое од наведените солуции не можеме да извлечеме податоци дали и колку имаат познавања за СПИ. Меѓутоа и вака добиените бројки се индикативни за ниското ниво на информираност на младите лица кои се впуштаат во сексуални односи без да бидат свесни за ризиците.

**Табела бр.15**
**Дали користењето на кондомот за тебе претставува табу?**

| Дали користењето на кондом за тебе претставува табу | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 13.0% |
| Не | 66.2% |
| Друго | 0.3% |
| Не одговориле | 20.5% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Одговорите на ова прашање најверојатно не соодветствуваат со реалната состојба, бидејќи најголем дел од испитаниците (според извештаите на анкетарите) не го знаеја значењето на поимот табу.

**Табела бр.16**
**Дали можеш да купиш кондом?**

| Дали можеш да купиш кондом | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 73.2% |
| Не | 18.0% |
| Не одговориле | 8.8% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




**Табела бр.17**
**Дали ти е срам да купиш кондом?**

| Дали ти е срам да купиш кондом | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 29.4% |
| Не | 62.5% |
| Не одговориле | 8.1% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |



Во однос на купувањето на кондоми 29.4%се изјасниле дека им е срам да купат кондом, а 18% се изјасниле дека не можат да купат кондом. Тоа најверојатно се должи на сеуште високите цени на кондомите кои не соодветствуваат со ученичкиот џепарлак, што како ризичен фактор не смее да се занемари.

**Табела бр.17а**




**Табела бр.17б**




Со цел да се види дали полот и етничката припадност (како влијание на различна култура и систем на вредности) се фактори кои влијаат на односот кон кондомот ги вкрстивме наведените белези, при што увидовме дека

припадниците на албанската, турската и ромската етничка група од 10 до 15% почесто од македонската, српската и влашката етничка група се изјаснуваат дека им е срам да купат кондом.

Се покажа дека и полот претставува фактор на влијание. Имено девојчињата многу почесто од машките изјавиле дека им е срам да купат кондом, што најверојатно е поврзано со сеуште присутните табуа дека заштитата е грижа на машките, и дека со тоа некој што ќе купи кондом јавно признава дека е сексуално активен, а со тоа и неморален.

## 8.3 СОЗНАНИЈА И ИНДИКАТОРИ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ОБЛИЦИ НА КОМЕРЦИЈАЛЕН СЕКС МЕЃУ МЛАДИ НА СРЕДНОШКОЛСКА ВОЗРАСТ

Следниот блок прашања се однесува на свесноста и сознанјата на младите за постоење на одредени облици на проституција во нивните групи, како и испитување на можните индикатори кои би укажале на ризиците и постоењето на ваквите појави:

**Табела бр.18**
**Дали некој некогаш ти понудил паричен или друг надоместок за сексуална услуга?**

| Дали некој ти понудил паричен или друг надоместок за сексуална услуга | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 5.1% |
| Не | 91.0% |
| Не одговориле | 3.9% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Бројката од 5.1% на испитаници избрани по случаен примерок, кои одговориле дека некој веќе им има понудено паричен или друг надоместок за сексуална услуга директно укажува и алармира дека младите се ранлива и ризична група во однос на вовлекување во комерцијални сексуални односи.

Со оглед на интимноста и специфичноста на прашањето секогаш останува можноста дел од испитаниците да нејќат да одговорат искрено/отворено, така да останува и можноста да бројката од 5.1% всушност е поголема.

**Табела бр.19**
**Дали имаш сознанија за лица од твојата блиска околина кои нудат сексуални услуги за одреден паричен или друг надомест?**

| Дали имаш сознанија за лица кои нудат сексуални услуги | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 33.2% |
| Не | 63.4% |
| Не одговориле | 3.3% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




На прашањето дали имаат сознанија за лица од нивната блиска околина кои нудат сексуални услуги за одреден паричен или друг надоместок, 33.2% одговориле дека имаат сознанија, 63.4% одговориле дека немаат, а 3.3% не одговориле на прашањето.

Одговорите на оваа прашање се индикатор дека младите се свесни за постоење на комерцијални сексуални односи во нивната околина. Со цел да се испита дали дел од лицата кои се впуштаат во таков вид односи се под 18 годишна возраст, поставени се следните прашања:

**Табела бр.20**
**Дали се тоа твои врсници?**

| Дали се тоа твои врсници | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 19.5% |
| Не | 48.5% |
| Не одговориле | 32.0% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Значи 19.5% од испитаните имаат сознанија дека нивни врсници (односно лица на возраст од 14 - 18 години) нудат сексуални услуги за материјален надоместок, што е всушност 59% од вкупната бројка на лица за кои имаат сознанија дека нудат сексуални услуги.

**Табела бр.21**
**На која возраст припаѓаат лицата кои нудат вакви услуги?**

| На која возраст припаѓаат лицата кои нудат вакви услуги | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Под 14 год. | 0.8% |
| Од 14-16 год. | 4.2% |
| Од 16-18 год. | 17.1% |
| Над 18 год. | 38.4% |
| Не одговориле | 39.5% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




0.8% од испитаниците имаат сознанија за лица кои нудат сексуални услуги за некаков надомест, а се на возраст под 14 години; 4.2% се на возраст од 14-16 години; 17.1% се на возраст од 16-18 години, а 38.4% се постари од 18 години.

Ова дава бројка од 22.1% на испитаници кои имаат сознанија за лица под 18 годишна возраст кои нудат сексуални услуги за некаков надомест.

**Табела бр.22**
**Дали се чувствуваш на твојот сексуален партнер да му побараш некоја услуга за која ти е непријатно да им се обратиш на своите родители или пријатели?**

| Дали се чувствуваш слободен на својот сексуален партнер да му побараш услуга | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 40.9% |
| Не | 31.0% |
| Не одговориле | 28.1% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




На прашањето дали се чувствуваат слободни на својот сексуален партнер да му побараат некоја услуга за која им е непријатно да им се обратат на своите родители или пријатели 40.9% одговориле со ДА; 31% одговориле со НЕ, а 28.1% не одговориле на прашањето.

Иако оддалечувањето од родителите, чувството на отуѓеност и неразбраност, и врзувањето со сличните на себе (т.е групи на врсници) се карактеристични за адолесцентскиот период и се дел од развојните фази и кризи, сепак високиот процент на потврдни одговори не наведува да заклучиме дека семејството се повеќе ја губи својата примарна улога во развојот на младите при што освен како директен модел за идентификација, се јавува и како основна емоционална и секаква поддршка во светот на социјалните врски надвор од семејството (В. Трајкова, Ментална хигиена, 1997, Скопје). Семејниот, па и целиот општествен систем на вредности под влијание на општата ситуација (невработеност, сиромаштија, масовна депресија, несигурност) се распаѓа, при што младите се почесто бараат поддршка (емоционална, материјална) надвор од дома, што ги прави подложни на манипулации и злоупотреби.

Следното прашање и добиените одговори го потврдуваат сето горе наведено.

**Табела бр.23**
**Кои од наведените работи можеш во секое време да му ги побараш на својот сексуален партнер?**

| Што можеш во секое време да му побараш на својот сексуален партнер | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Парфем | 18.1% |
| Средство за козметика | 7.8% |
| Гардероба | 8.8% |
| Пари за излегување | 10.7% |
| Накит | 5.6% |
| Поправање на оценка | 8.5% |
| Нешто друго | 17.7% |
| Не одговориле | 22.8% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Имено запрашани за тоа кои услуги можат во секое време да му ги побараат на својот сексуален партнер, а не можат на своите родители или пријатели, освен оние вообичаените и нормални за нивна возраст - љубов, нежност, бакнеж, да ме сака, што е одговор на 17.7% од испитаните, 18.1% одговориле - парфем; 10.7% - пари за излегување; 8.8% - гардероба; 8.5% - поправање на оценка; 7.8% - средство за козметика; 5.6% - накит.

Ова укажува дека според сфаќањето на младите нормално е љубовта да се докажува и поврзува со добивање на материјални добра, што го

зголемува ризикот да нормалните сексуални односи лесно се заменат со комерцијални сексуални односи, без притоа да се забележи разликата.

Всушност, токму ова е моментот кој укажува на постоењето на скриена проституција меѓу младите чии основни карактеристики се системот на вредности според кои се раководи т.е начините и причините за вакво однесување (за парче гардероба, парфем и сл. како погоре прикажаното), прикриеноста на ваквото однесување зад имиџот на примерни ученици, и најважното - неразвиената свест за ризиците од сопственото однесување.

## 8.4 СОЗНАНИЈА И ИНДИКАТОРИ ЗА РИЗИЦИТЕ ОД ВОВЛЕКУВАЊЕ ВО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НА МЛАДИ ЛИЦА НА СРЕДНОШКОЛСКА ВОЗРАСТ

**Табела бр.24**
**Дали си задоволен/на со својот живот овде во Македонија?**

| Дали си задоволен/на со својот живот во Македонија | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 54.6% |
| Не | 42.5% |
| Не знам | 0.6% |
| Не одговориле | 2.3% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




На прашањето дали се задоволни од животот во Македонија 42.5% од испитаните одговориле дека не се задоволни, 54.6% одговориле дека се задоволни, 0.6% не се сигурни, а 2.3 % не одговориле на прашањето.

**Табела бр.25**
**Дали мислиш дека би имал/а подобар живот во странство?**

| Дали мислиш дека би инал/а подобар живот во странство | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 65.1% |
| Не | 28.2% |
| Не одговориле | 6.7% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Веќе на второто прашање - дали мислат дека би имале подобар живот во странство, 65.1% одговориле потврдно, само 28.2% мислат дека не би имале подобар живот во странство, а 6.7% не се изјасниле.

**Табела бр. 25а**

| Дали мислиш дека би имал подобар живот во странство | Дали си задоволен со животот во Македонија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не знам | Не одговориле | Вкупно |
| | | | | | |
| Да | 25.9% | 38.0% | 0.4% | | 64.3% |
| Не | 24.4% | 3.4% | 0.0% | | 27.8% |
| | | | | | |
| Не одговориле | | | | 7.8% | 7.8% |
| | | | | | |
| Вкупно | 50.3% | 41.4% | 0.4% | 7.8% | 100.0% |

Впечатлив е податокот кој го добивме со вкрстување на овие две прашања, а тоа е дека дека 25.9% од оние млади лица кои се задоволни од животот во Македонија, сепак сметаат дека би имале подобар живот во странство. Тоа прави вкупна бројка од 65.1% на лица кои мислат дека подобра иднина можат да имаат во странство, што укажува на масовното незадоволство од моменталната ситуација во земјава, несигурноста во сопствената иднина и немањето перспектива. На ова секако се надоврзува и примамливата визија за западот како можност за брз успех, богатство и перспектива за секого.

Меѓутоа бројката од 65.1% испитаници бирани по случаен избор кои мислат дека би имале подобар живот во странство, најмногу укажува на отворениот простор за манипулација од страна на искусни лица кои знаејќи ги стремежите, но и неискуството на младите, врз основа на лажни ветувања и понуди за блескава иднина во странство би можеле лесно да ги заведат и злоупотребат.

**Табела бр.26**
**Дали си размислувал/а да заминеш во странство да работиш (како бебиситер, во кафуле, сл.)**

| Дали си размислувал/а да заминеш во странство да работиш | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 33.6% |
| Не | 64.8% |
| Не одговориле | 1.6% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Од вкупниот број испитани 33,6% веќе се наоѓаат во ситуација да размислуваат да одат во странство.

**Табела бр. 26а**




Притоа испитаниците од машки пол почесто размислуваат да заминат во странство од испитаниците од женски пол.

Воедно евидентен е трендот дека повозрасните повеќе размислуваат за работа од странство од помалите, иако во сите возрасни групи се јавуваат лица кои размислувале за тоа. Тоа најверојатно се должи на фактот дека лицата на 17-18 години веќе се ставаат во ситуација да размислуваат за подалечна иднина, да прават планови како и каде се замислуваат себеси, при што ги разгледуваат сите опции. Една од опциите за голем дел од нив е работа надвор од земјава.

**Табела бр.27**
**На кој начин ги добиваш информациите за работа во странство?**

| Како ги добиваш информациите за работа во странство | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Дневен печат | 14.9% |
| Телевизија | 17.6% |
| Агенции за посред. | 5.0% |
| Пријатели | 28.9% |
| Интернет | 20.9% |
| На друг начин | 7.3% |
| Не одговориле | 5.4% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |



Што се однесува до информациите за работа во странство, најголем дел од младите се потпираат на информациите кои кружат во круговите на нивните врсници - 28,9%, но и средствата за масовна комуникација од кои како најбитен се јавува интернетот - 20,9%, па ТВ- 17,6%, и дневниот печат - 14,9%. Со агенции за посредување контактираат 5% од испитаните.

Тоа што младите најчесто се информираат од своите врсници претставува можен негативен фактор кој може да се искористи и преиначи во позитивен фактор. Имено, не ретко младите подложат на најразлични улични митови и неточни информации кои ги шират и зајакнуваат со авторитетот на тој што ги пренесува (уште повеќе доколку се работи за "популарно" лице и сл.). Меѓутоа доколку истите тие лица се искористат на тој начин што ќе бидат едуцирани и правилно информирани, по што ќе преземат обврска тие информации да ги споделуваат во своите групи, ќе добиеме силна основа за пренос на секаков вид информации. Овој принцип на едукација и информација кој може да се применува во сите групи кои се издвојуваат по некои специфични белези се нарекува и пиер- едукација (пиер=врсник, рамен со некого).

Значи, основната идеја е дека младите многу побрзо прифаќаат идеи и информации од сопствените врсници отколку од авторитетни лица, при што неформалната комуникација е пресудна, така да колку повеќе информирани и едуцирани лица постојат во самите групи на младi, толку истите ќе имаат поголема можност да добијат точни информации.

Воедно и интернетот кој како медиум е најинтересен и се попристапен до младите треба да се искористи како алатка за пренос на информации.

**Табела бр.28**
**Дали знаеш за одредени опасности при заминување во странство?**

| Дали знаеш за одредени опасности при заминување во странство | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 71.2% |
| Не | 24.3% |
| Не одговориле | 4.5% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Впечатлив податок е и дека дури 24,3% од испитаните воопшто не се свесни т.е не знаат за било какви опасности со кои би можеле да се соочат во странство.

**Табела бр. 28а**

| Дали си размислувал да заминеш во странство да работиш | Дали си свесен за одредени опасности при заминување во странство | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не одговориле | Вкупно |
| Да | 26.0% | 7.0% | | 33.0% |
| Не | 44.4% | 16.9% | | 61.3% |
| | | | 5.6% | 5.6% |
| | | | | |
| Вкупно | 70.4% | 23.9% | 5.6% | 100.0% |

78.8% од лицата кои размислуваат да заминат да работат во странство се свесни за одредени ризици со кои можат да се сооочат таму, додека 21.2% не се свесни за истото.

72.4% од лицата кои НЕ размислуваат да заминат да работат во странство се свесни за ризиците со кои можат да се соочат таму, а 27.6% не се свесни т.е не знаат со кои ризици би можеле да се соочат.

Гледано во проценти, не постои значителна разлика во свесноста за ризиците со кои можат да се соочат меѓу лицата што веќе размислуваат да заминат во странство и оние што не размислуваат. Тоа значи дека испитаниците што размислуваат за работа во странство не вложуваат дополнителен напор и интерес да се информираат нешто повеќе на таа тема, туку се задоволуваат со информациите со кои се среќаваат во секојдневието.

**Табела бр.29**
**Дали имаш слушнато за трговија со луѓе?**

| Дали имаш слушнато за трговија со луѓе | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 95% |
| Не | 4% |
| Не одговориле | 1% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Од вкупниот број испитани 95% имаат слушнато за трговија со луѓе, 4% немаат слушнато, а 1% немаат дадено одговор.

Значи најголем дел од испитаниците се имаат сретнато со поимот трговија со луѓе, меѓутоа нивното разбирање на овој поим се гледа во прашањата што следат.

**Табела бр.30**
**Дали сметаш дека жртвите на трговија со луѓе се виновни за тоа што им се случило?**

| **Дали сметаш дека жртвите на трговијата со луѓе се виновни за тоа што им се случило** | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 47.1% |
| Не | 42.9% |
| Не знам, понекогаш | 0.9% |
| Не одговориле | 9.2% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Имено, колкаво е познавањето и информираноста за трговијата со луѓе како појава се насетува од табелата бр. 30 каде 42.9% одговориле дека жртвите на трговија со луѓе самите се виновни за тоа што им се случило, а 0.9% одговориле дека “не знаат, можеби понекогаш“.

**Табела бр.31**
**Дали правиш разлика меѓу доброволна и присилна проституција?**

| Дали правиш разлика меѓу доброволна и присилна проституција | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 89.4% |
| Не | 6.1% |
| Не одговориле | 4.5% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Заради попрецизно испитување на размислувањата на оваа тема испитаниците најпрво беа запрашани дали прават рзлика меѓу доброволна и присилна проституција, при што 89,4% одговориле дека прават разлика, 6.1% дека не прават, а 4.5% не одговориле на прашањето.

Меѓутоа, на следните две прашања каде беа запрашани да дефинираат што подразбираат под доброволна и присилна проституција, повторно се покажа ниското ниво на информираност и можност да се разграничат овие две појави.

**Прашање бр.32**
**Доброволна проституција е..?**

На прашањето што подразбираат под поимот доброволна проституција, 14% од испитаните не дале објаснување што може да се толкува на два начина:

- не сакале да одговорат;
- не знаеле да го објаснат поимот;

Анализата на одговорите на останатите 86% на испитаници кои дале објаснување што подразбираат под поимот доброволна проституција покажа дека глобално гледано младите не можат да го дефинираат поимот проституција, ниту пак можат да ги разграничат моментите на комерцијалност, доброволност или присилност во целата приказна.

Конструкцијата на прашалникот и базата на податоци конструирана со цел квантитативна обработка на податоците не ни овозможува процентуално изразување на прашањата бр.32 и бр.33, меѓутоа квалитативната анализа покажа дека одговорите на испитаниците за прашање бр.32 можат да се групираат во 7 (седум) групи:

1. Дел од испитаните се добро информирани, и успеваат да го разграничат моментот на комерцијалност (дека се работи за давање услуги за пари), и моментот на доброволност (дека лицата самоволно, без присила се одлучиле да се занимаваат со тоа) како во следниве одговори:

"Кога доброволно односно по своја воља одлучува да го продава своето тело за пари."
"Кога личноста доброволно сака да се занимава со таа професија."
"По своја волја."
"Кога самата девојка ја прифаќа таа работа без никој да и врши притисок."
"Кога личноста која го прави тоа го прави без ничиј притисок туку зашто сака."
"Кога самоволно си го продаваш своето тело за пари."
"Без никакво присилување од некој друг туку самоволно."
"Жени кои сакаат да работат како проститутки за пари да не бидат присилени од никој и да престанат кога ќе сакаат."
"Кога лицето односно личноста доброволно има сексуални односи за пари или за нешто друго."
"Кога особата сама без присила на некој друг го продава своето тело."

Меѓутоа, во останатите 6 групи на одговори се гледа половичноста и конфузноста на информациите кои ги имаат испитаниците.

2. За дел од нив јасно е дека кога станува збор за проституција се работи за давање на сексуални услуги за пари или друг надоместок, меѓутоа како битен момент се истакнува и задоволството/уживањето во самиот сексуален

чин, односно проституцијата ја поистоветуваат со промискуитетно однесување каде е важно да се задоволат зголемените сексуални нагони, и воедно (второстепено) да се “заработи и некој денар”, како што објаснуваат некои од испитаниците:

“За мене е човек што сам сака да биде проститутка поради свое задоволство претпоставувам.”
“Задоволување на сексуалните потреби плус некој денар.”
“Кога самата личност сака да го работи тоа од задоволство и за пари.”
“За задоволување на самата себеси.”
“Кога самата сака да се задоволува со повеќе партнери.”
“Кога самата личност ја сака таа работа и ужива во неа.”
“Кога жените уживаат во тоа а не се присилени.”
“Кога странката сака да се задоволи самата себеси или да заработи за живот.”
“Секс од задоволство.”
“Кога личноста сака да го прави тоа од задоволство.”
“Нимфоманијата!”
“Девојка која доброволно ги менува своите сексуални партнери, и притоа ужива во сексот.”
“Жени кои уживаат во работата, едноставно се родени за тоа.”

3. Дел од испитаниците, особено од албанската национална припадност воопшто не го разбираат поимот проституција и го поистоветуваат со нормалните сексуални односи меѓу две лица, притоа најверојатно мислејќи на предбрачните сексуални односи. Притоа воопшто не го спомнуваат моментот на комерцијализација на сексуалните односи (т.е плаќањето) што е всушност основниот белег на комерцијалните сексуални односи.

Од тука можат да произлезат предрасудите, но и стравот да се признае дека некој е сексуално активен, со цел да не биде обележан како лице кое се проституира. Тоа подразбира и страв/срам да се покаже интерес и потреба за информираност за сите прашања поврзани со сексуалноста, како што се СПИ, заштита, контрацепција и сл.

“Кога таа сака да има односи со тебе и ти ја сакаш.”
“Кога двете лица би го прифатиле сексот.”
“Кога машкото и женското сакаат да имаат сексуален однос.”
“Кога доброволно прифаќа сексуални односи.”
“Кога девојката се согласува во врска со односите.”
“Кога со партнерот го посакувате тоа заедно.”
“Кога двајца млади сакаат да имаат однос.“
“Кога сте во долготрајна врска со партнерката и дека таа ќе увиде дека сте правиот за неа тогаш тоа е доброволно.”
“Кога човекот без никакви влијанија сака да води љубов.г
“Кога таа сака да има односи со тебе и ти ја сакаш.”
“Ако сум заљубена во тој или верена.”
“Кога двајца млади имаат потреба од секс.”
“Кога девојчето сака некој и има секс со него.”

"Кога две лица се сакаат меѓусебе, се познаваат подолго време и тоа го прават доброволно и се спремни за понатамошните последици."
"Со нејзина воља, на пр. некое лице сака да има има интимни односи доброволно, без присила."
"Кога ќе даде без проблем."
"Кога има сексуални односи без да биде присилена."

4. На ова се надоврзуваат и одговорите според кои повторно се поистоветува проституцијата со сексуалните односи воопшто, а претставката "доброволна" се објаснува како преземање на иницијатива на женското лице за впуштање во сексуални односи.

Притоа евидентно е дека кога се работи за лица кои се проституираат, во сите видови на одговори и дефиниции, испитаниците најчесто подразбираат лица од женски пол.

"Жената кога сама ќе сака - ќе има потреба од секс."
"Кога сама ќе му предложиш."
"Кога сами се нудат."
"Кога девојката има потреба од секс."
"Кога девојката сака доброволно да има секс со некого."
"Кога сама сакаш да имаш секс."
"Кога ти самата сакаш да имаш односи."

5. Кај друг дел од испитаниците пак се гледа дека не се задржуваат на дефиницијата на проституцијата како поим, туку ги бараат причините за постоењето на истото, при што како единствена можност за егзистенција и преживување, односно солуција која останува кога не постои друг начин да се заработи за живот. Во овие одговори нема призвук на стигма и осуда, туку сожалување и разбирање.

"Кога некои жени немаат средства за минимална егзистенција гледаат спас во тоа да го нудат своето тело."
"Самото лице донесува одлука; нема пари; бара излез од криза."
"Кога сам по твој избор го правиш тоа за пари за да преживееш."
"Кога немаш пари и за да преживееш се проституираш."
"Кога некое лице има потреба од пари, нема друга работа па мора да се занимава со проституција."
"Кога не можеш да најдеш работа."
"Луѓето немаат доволно финансии и работа, мора да се одадат на проституција."
"Кога жртвата нема друг начин да стигне до пари."
"Сам да се пријавиш бидејки не ти се добри финансиските услови."
"Доколку поради некои причини (финансиски проблеми) ја работи таа работа сам без никаков притисок со цел да преживее."
"Давање на своето тело за остварување средства за егзистенција."

6. Наспроти горенаведените примери, во шареноликоста на одговори, се распознаваат и дел на испитаници за кои повторно не е важно да дефинираат што значи самата проституција, меѓутоа за разлика од погоре, поважно е да

истакнат дека тоа е нешто грешно, неморално, а лицата кои се проституираат ги осудуваат и навредуваат:

“Будала која си го продава своето тело и која не е способна да заработи на друг начин.”
“Кога проститутката (дали машка - жиголо или женска - пачавра) сама сака.”
“Доброволно да одиш по погрешен пат.”
“Нешто неморално, нешто кое те става во загуба од секој аспект.”
“Тоа е проституција со која себават девојките кои немаат срам. Кажувам вака затоа што тие не знаат да го живеат животот и за малку пари го продаваат своето тело.”
“Оваа работа треба да се забрани со закон.”

7. Последната група на одговори се однесува на оние испитаници кои воопшто не прават разлика меѓу доброволна и присилна проституција. Од одговорите не се распознава дали можат да дефинираат што претставува проституцијата како појава, или се работи за термин кој го имаат восприемано (преку медиуми, на улица) без да размислуваат што тоа значи.

“Сам да се приклучиш на трговија со луѓе.”
“Сам да влезеш во трговија со луѓе.”
“Кога некој ќе те натера да излезеш на улица да работиш како проститутка.”
“Исто што и присилна. ”

**Прашање бр.33**
**Присилна проституција е ..?**

Анализата на одговорите на прашањето бр.33 ги потврдија забелешките од анализата на прашањето бр.32 : непознавањето на терминот проституција, нераспознавањето на комерцијалниот момент и поистоветувањето со нормалните сексуални односи, и неможноста да се разграничи доброволноста во однос на присилата.

На прашањето немаат дадено одговор 15% од испитаните. Останатите одговори можат да се групираат во 4 (четири) групи:

1. Испитаници кои имаат правилна информација и можат да дефинириаат присилна проституција, разбирливо нагласувајќи го моментот на принуда и заработувањето профит врз грбот на принудуваното лице:

“Кога одредени лица (макроа) заработуваат пари со присилување на девојки да се бават со ова.”
“Кога девојката не е информирана за тоа и присилно е вовлечена.”
“Кога личноста е присилена од страна на други луѓе да се занимава со проституција.”
“Кога се врши притисок со сила и закани без согласност на девојката.”
“Кога Дилавер Бојку ке те излаже во Украина дека ќе ти најде работа во Украина ама ќе те заглави кај него у бар да играш итн. И ќе ти го собере пасошот.”
“Кога некоја личност е присилена против своја воља да го продава своето тело.”

“Кога некој ја присилува личноста не по своја желба и воља се заради остварување на профит и водење успешен бизнис.”
“Кога некој те тера со сила да се проституираш ти се заканува те мачи и др.”
“Со ќотек или живот или смрт.”
“Некој кога ќе те натера да имаш односи со некое трето непознато лице со цел да оствари поголем паричен надомест.”
“Да се присили некоја девојка со тепање или други мерки да работи како проститутка.”
“Присилна проституција е на пр. Кога ќе отидеш во друга држава во која ќе ти ветат работа со добра плата а таму ги го одземаат пасошот и не те пуштаат се додека не заработиш одредена сума на пари.”
“Кога некој те тера да имаш сексуални односи за пари.”
“Доколку лицето е присилено да врши проституција од друго лице посилно и помоќно од него.”
“Ако и гарантираат друга работа ќе ја однесат таму и ќе ја продадат без нејзино знаење или ќе ја киднапираат и присилно таа мора да го прифати тоа бидејќи или ќе ја тепаат или убијат.”
“Онаа каде лицето е принудено (со закана итн) да ја работи, а тоа не сака.”

2. Втората група на одговори не е насочена кон дефинирање на поимот проституција туку кон дефинирањето на поимот присила. Од одговорите дадени како пример се гледа дека дел од испитаните лошата материјална состојба и немањето средства за егзистенција го гледаат како момент на присили/принуда, односно ситуација заради која некој е присилен да се занимава со проституција.

“Кога една личност е принудена да се нуди поради некои лоши ситуации во кои се наоѓа, нема пари за издржување.”
“Немање на пари, немање за живеење на пристоен живот.”
“Кога девојката поради немање на пари или под присила на некоја личност пристапила кон проституција.”
“Да ја натера ситуацијата.”

3. За голем дел од испитаниците, што е потврда на забелешките од претходното прашање, поимот проституција е еднаков на сексуалната активност, односно на сексуалните односи (најверојатно предбрачни) при што бидејќи станува збор за нешто што е присилно се поистоветува со силување и принудување на сексуални односи, без да се истакне комерцијалниот момент :

“Кога партнерката не се согласува за секс и ти тоа насилно го правиш.”
“Со сила да му даде. ”
“Кога некој близок или непознат те силува за нешто без врска. ”
“Кога некој ќе те поведе на пијалок и ќе те зграпчи.. ”
“Кога некој ќе те присили на сексуален однос.”
“На пример, ќе земам некоја девојка и без нејзина воља ја носам во стан и се разбира без нејзина воља ја присилувам на сексуални односи со мене.”
“Кога таа не сака и има секс без нејзина желба.”

“Силување.”
“Некој со сила да те натера да имаш односи.”
“Онаа која ти самиот ја тераш да ти даде.”
“Тоа е на пример неколкумина манијаци начекаат некоја девојка и ја соблекуваат силом а таа да неќе.”
“Кога некој со сила ја напаѓа и ја принудува на секс.”
“Ако под дејство на дрога и опојни средства некој те натера со сила да го правиш тоа, а ти воопшто не си свесна.”
“Кога некој со сила те тера да му се дадеш.”
“На пример ако некоја девојка многу ме пали, а јас насилно сакам да водам љубов со неа.”
“Онаа кога лицето е присилено т.е. силувано.”
”Кога некој ќе ја грабне и ќе ја тера на секс.”

4. Најголемите нејаснотии за дел од испитаниците, што е случај и со најголем дел од општата јавност, е нераспознавањето и непризнавањето на моментот на присила кога станува збор за присилна проституција. Досегашното искуство во оваа област на делување ни покажа дека постои општо мислење дека лицата што се занимаваат со проституција воглавно го работат тоа свесно и доброволно, бидејќи за најголем дел луѓе е несфатливо како некој може да се присили на такво нешто без можност да најде начин да се ослободи (доколку сака). На тоа се надоврзува и општата предрасуда дека со самото тоа што услугата се плаќа, се плаќаат сите хирови, па макар тоа да вклучува и насилство и принуда, а на лицата кои се проституираат се гледа како на паразити кои избирајќи да живеат на “лесен” начин и заслужуваат да им се случуваат лоши работи.

Воедно, општото мислење дека “тоа секогаш се случува на некој друг, мене никој не може да ме присили” е факторот кој ни дава лажна сигурност дека самите можеме да се чуваме, не прави невнимателни, а со тоа и поранливи во однос на манипулација и можно заведување од страна на искусни лица.

“Не постои, мора со нешто сам да почнеш.”
“Не верувам во тоа. ”
“За мене не постои присилна проституција зосто никој не може да биде присилен да работи нешто ако тоа не го сака. ”
“Не сум толку сигурна дека има присилна проституција, може има со заминување во странство по работа и заглавуваат како проститутки. ”
“Кога некој ја присилува на сила иако не верувам во тоа. ”
“Нема присила зашто ако веќе тргнале по таков пат никој не им е крив и ако ги присилуваат на нешто”
“Кога се присилени од некого ама ако јас не сакам не може никој да ме присили. ”
“Кога некој ке те натера, но сепак ако имаш достоинство кој и да те присилува можеш да кажеш не. ”
“Кога личноста е присилена на секс. Но со тоа само се вадат. ”
“Тоа им се случува на тие што се прават некој и нешто.”
“Нешто што не е преферирано во Македонија, само во Тетово.”

**(напомена: одговорите наведени во сите одделни групи се само дел од вкупниот број одговори кои припаѓаат на тие групи, односно се земени како типични примери на својата група.)**

**Табела бр.34**
**Дали некој некогаш ти предложил..?**

| Дали некој некогаш ти предложил | Испитаници |
|---|---|
| | |
| | |
| Да го придружуваш на забава | 38.8% |
| Да го придружуваш на некое патување | 14.9% |
| Работа во странство/брак за документи | 2.5% |
| Да ти изнајми стан | 2.7% |
| Да ти купи скапи подароци | 5.3% |
| Работа како танчер/ка, келнер/ка, фотомодел | 2.8% |
| Не ми предложил ниедно од наведените нешта | 29.7% |
| Не одговориле | 3.2% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |

Блокот прашања од бр.34 до бр. 37 се поставени цо цел да се испитаат можните индикатори за тоа дали и колку младите се соочуваат со обиди да се вовлечат во ситуации кои носат одреден ризик од злоупотреба.

На прашањето "Дали некој некогаш ти предложил...", од понудените солуции:

- да го придружуваш на забава - одговориле 38.8% на испитаници;
- да го придружуваш на некое патување - одговориле 14.9%;
- да ти купи скапи подароци - одговориле 5.3%;
- работа како танчер/ка, келнер/ка.. - одговориле 2.8%
- да ти изнајми стан - одговориле 2.7%;
- работа во странство/брак за документи - одговориле 2.5%;

Дека им немаат предложено ниту едно од наведените нешта одговориле 29.7%, а немаат дадено одговор 3.2% од испитаниците.

**Табела бр.35**
**Кои од долунаведените лица ти понудиле некои од наведените предлози?**

| Кој од долунаведените лица ти предложиле некои од наведените предлози | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Родител/старател | 10.2% |
| Роднини (брат, сестра, братучед, вујко, вујна и сл.) | 11.9% |
| Пријатели | 20.3% |
| Момче/девојка | 18.4% |
| Сексуален партнер/ка | 4.9% |
| Познаници | 6.6% |
| Авторитети | 0.6% |
| Непознати лица | 1.5% |
| Не ми понудиле | 20.9% |
| Некој друг | 2.3% |
| Не одговориле | 2.3% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |

Следно испитаниците беа запрашани кој им има понудено некои од предходно наведените предлози, при што ги добивме следните одговори:

- пријатели - 20.3% од испитаниците;
- момче/девојка - 18.4%;
- роднини - 11.9%;
- родител/старател - 10.2%;
- познаници - 6.6%;
- сексуален партнер/ка - 4.9%;
- некој друг (описните одговори се однесуваат на роднини и другари, а по еден одговор се однесува на професор и лица сретнати во странство на фудбалски натпревар) - 2.3%;
- непознати лица - 1.5%;
- авторитети - 0.6%;

Дека никој им нема понудено ништо од наведеното одговориле 20.9% од испитаните, а не дале никаков одговор 2.3% од испитаните.

Притоа тешко е да се разграничи кои понуди биле добронамерни, а зад кои се крие нешто повеќе, па дури и кога се работи за понуди од страна на родители или блиски роднини. Не ретко се случува подведување и присилување токму од лицата од кои најмалку се очекува. Особено загрижувачки е податокот дека понуди доаѓаат и од авторитети и непознати лица.

**Табела бр.36**
**Дали за горенаведените предлози во замена биле побарани сексуални услуги?**

| Дали за гренаведените предлози биле побарани сексуални услуги | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 7.1% |
| Не | 76.7% |
| Не одговориле | 16.2% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




На прашањето "дали за горенаведените предлози од тебе биле побарани сексуални услуги" потврдно одговориле 7.1% од испитаните, негирале 76.7%, а не одговориле 16.2%.

**Табела бр.37**
**Доколку Да, колку често ти се случува тоа?**

| Доколку ДА, колку често се случува тоа | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Еднаш неделно | 2.5% |
| Еднаш месечно | 2.3% |
| На шест месеци | 1.5% |
| На подолго од 6 месеци | 7.3% |
| Не одговориле | 86.4% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




Притоа, на 2.5% тоа им се случува еднаш неделно, на 2.3% еднаш месечно, на 1.5% на шест месеци, а на 7.3% на подолго од шест месеци.

На прашањето не одговориле 86.4% од испитаниците (тоа се испитаниците кои на претходното прашање одговориле негативно).

Горниот блок прашања и добиените одговори се индикатори дека постојат обиди од страна на различни лица, преку интересни и скапи понуди (патувања, подароци, работа и сл.) да се изнудат сексуални услуги од малолетни лица, со што директно се потврдува дека младите до 18 години претставуваат ранлива група во однос на вовлекување во доброволни или присилни комерцијални сексуални односи.

**Табела бр.38**
**Дали познаваш лице кое е жртва на трговија за сексуална експлоатација?**

| Дали познаваш лице кое е жртва на трговија за сексуална експлоатација | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 13.8% |
| Не | 79.9% |
| Не одговориле | 6.3% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |




На прашањето “дали познаваат лице кое е жртва на трговија за сексуална експлоатација” со ДА одговориле 13.8% од испитаните, со НЕ одговориле 79.9%, а не одговориле 6.3%.

Меѓутоа, со оглед на тоа што анализата на одговорите на прашањата бр. 32 и бр. 33 покажаа дека најголем дел од испитаниците не можат да разграничат сексуални односи/проституција/присилна проституција, сметаме дека овие искази треба да се примат со резерва, бидејќи не можеме да утврдиме што испитаниците подразбираат под поимот “жртва на трговија за сексуална експлоатација”.

**Табела бр.39**
**Дали некогаш си помислил/а дека можеш да станеш жртва на трговија со луѓе?**

| Дали некогаш си помислил/а дека можеш да станеш жртва на трговија со луѓе | Испитаници |
|---|---|
| | |
| Да | 18.2% |
| Не | 75.8% |
| Не одговориле | 6.0% |
| | |
| Вкупно | 100.0% |



Запрашани за тоа “дали имаат помислено дека и самите можат да станат жртва на трговија со луѓе”, со ДА одговориле 18.2% од испитаните, со НЕ 75.8%, а не дале одговор 6% од испитаните.

**Табела бр.39а**

| Дали си помислил дека може да станеш жртва на трговија со луѓе | Дали си размислувал/а да работиш во странство (како келнер, фотомодел и сл.) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не одговориле | Вкупно |
| Да | 8.2% | 9.9% | | 18.1% |
| Не | 23.9% | 51.1% | | 75.0% |
| | | | 6.9% | 6.9% |
| | | | | |
| Вкупно | 32.1% | 61.0% | 6.9% | 100.0% |

Последното прашање го вкрстивме со прашањето “дали си размислувал/а да одиш да работиш во странство..” со цел да видиме дали оние лица кои размислуваат да заминат на работа надвор од земјата, помислуваат дека можат да станат жртва на трговија со луѓе, што ги прави свесни за ризиците, а со тоа и внимателни при преземањето на одредени чекори при заминувањето во странство.

Сепак, само 25.54% од лицата кои размислуваат за работа во странство помислуваат дека можат да станат жртви на трговија со луѓе, додека 74.45% не помислуваат дека тоа може да им се случи.

16.23% од лицата кои не размислувале да работат во странство, помислуваат дека можат да станат жртви на трговија со луѓе, и 83.77% од лицата кои не размислувале за работа во странство воедно и не помислуваат дека можат некогаш да станат жртва на трговија со луѓе.

## 9. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ

1. Од испитани 1045 младинци до 18 години 33,2% веќе имаат доживеано прво сексуално искуство, од кои на 2,5% тоа им се случило пред 14 годишна возраст, на 14,4% од 14-16 години, а на 16,6% од 16-18 години.

47.87% од лицата кои имаат сексуално искуство немаат постојан партнер.

19,93% сексуално активни лица не користат средства за контрацепција, а 26,12% сексуално неактивни лица можеби не го разбираат поимот контрацепција. Со оглед на структурата на прашалникот не сме во состојба да изведеме заклучок за колкави сознанија станува збор и дали информациите со кои располагаат младите се вистински или се работи за улични митови, меѓутоа самата бројка од 52.1% испитани кои НЕМААТ или имаат МАЛКУ сознанија за СПИ, укажува на незадоволителното ниво на информираност на младите по оваа прашање.

Во однос на купувањето на кондоми 29.4% се изјасниле дека им е срам да купат кондом, а 18% се изјасниле дека не можат да купат кондом. Притоа испитаниците од женски пол и испитаниците од албанска и турска националност се поранливи во однос на правилна информираност и создавања на табуа од прашања поврзани со сексот.

Овие податоци укажуваат на спуштањето на возрасната граница за почнување со сексуални односи и честото менување на сексуалните партнери, а наспроти тоа - недоволната информираност за прашањата поврзани со сексуалната активност, што пак може да води кон создавање на предрасуди и табуа (пр. дека заштитата е грижа на машките, дека со тоа што некој ќе купи кондом или ќе се интересира за прашања поврзани со сексот јавно признава дека е сексуално активен, а со тоа и неморален), што ги прави сексуалните односи прикриени, а со тоа и ризични.

Добиените заклучоци се основа за следниве предлози:

- Вметнување на здравствено/сексуално образование како дел од задолжителната наставна курикула на основните и средни училишта;
- Активно вклучување на родителите во здравствената едукација на нивните деца преку училишниот одбор и организација на округли маси на кои родителите можат да ги споделат своите дилеми и искуства;
- Континуирано образование на наставниот кадар и зајакнување на комуникациските вештини;
- Подготовка и дистрибуција на информативни материјали (брошури, постери, лифлети) и веб-сајтови за СПИ, контрацепција и сл., со активно учество на самите млади во целиот процес, како најрелевантен фактор за правилен избор на техники за пренос на информации во своите групи;
- Промоција на кондомот како најбезбедно и најефтино средство за контрацепција и заштита од СПИ;

2. Резултатите од истражувањето го потврдија постоењето на скриена проституција меѓу младите: 33,2% од испитаните одговориле дека познаваат лица кои за одреден материјален или друг надоместок нудат сексуални услуги, од кои 58.7% одговориле дека тие лица се нивни врсници. 5,1% од вкупната бројка потврдиле дека нив лично досега им бил понуден материјален надоместок за сексуална услуга.

Се потврдија и претпоставките дека се поголем број млади сметаат дека подобра иднина би имале во странство (65.1%), а 33,6% веќе размислуваат за можна работа во странство. Притоа добар дел од младите луѓе воопшто не се свесни за ризиците со кои можат да се соочат доколку заминат во странство и воглавно се потпираат на информациите кои кружат во рамките на нивните групи на врсници, притоа немајќи сосема јасна слика за разликата меѓу запаѓањето во доброволна проституција и трговија со луѓе, мислејќи дека голем дел од жртвите на трговија со луѓе сами се криви за тоа што им се случило (47,1%), така да самите не помислуваат дека може да станат жртва на трговија со луѓе (75,8%).

За жал, досега во јавноста многу малку е поставувано прашањето за постоењето на овие појави, ниту е сигнализирано дека треба да се дејствува во оваа насока, на што се должи и недостатокот од акции за превенирање на истите. Во таа насока сметаме дека дел од превентивните активности би требало да бидат насочени кон:

- Организирање на јавни кампањи со цел отварање на прашањето за скриена проституција и трговија со луѓе меѓу младите во општата јавност и зголемување на свесноста за постоење на овие појави;
- Иницирање на координативен мултисекторски пристап кон проблемот на скриена проституција и трговија со луѓе меѓу средношколска популација врз принцип на споделена одговорност со вклучување на сите релевантни актери (родители, образовни институции, релевантни Министерства, локални невладини и меѓународни организации кои работат на проблемот и сл.);
- Обука и вклучување на медиумите како најмоќен инструмент за актуелизација на проблемот;
- Развивање на специфични програми насочени кон неутрализирање на социјалните и економски фактори кои доведуваат до незадоволство, немање перспектива и потреба да се замине во странство - сиромаштија, невработеност итн.;

3. Истражувањето покажа дека индикации и ризици по младите постојат, дека тоа сеуште нема заземено огромни размери но има индиции да се движи во таа насока што ја прави превенцијата неопходна и итна. Со оглед на тоа дека државната образовна политика сеуште нема развиено превентивни механизми, треба да се размислува за вметнување на

алтернативни активности, а се со цел да не се дозволи експлозија на ваквите појави. Притоа невладиниот сектор би можел да одигра клучна улога во креирањето и спроведувањето на алтернативните активности.

Досегашните искуства за креирање на превентивни програми на национално ниво во однос на различни прашања (алкохол, тутун, дрога) покажаа дека морализирањето и праќањето на застрашувачки и законувачки пораки не покажува успех што треба да се земе во предвид при креирањето на ваквите активности.

Воедно треба да се земат во предвид средствата преку кои младите најлесно доаѓаат до информации во секојдневието, но и лицата кои стојат зад тие информации (лица на кои младите им веруваат).

Нашето истражување ги потврди претпоставките дека најголем дел од младите се потпираат на информациите кои кружат во круговите на нивните врсници - 28,9%, но и средствата за масовна комуникација од кои како најбитен се јавува интернетот - 20,9%, па ТВ- 17,6%, и дневниот печат - 14,9%.

Тоа што младите најчесто се информираат од своите врсници претставува можен негативен фактор кој може да се искористи и преиначи во позитивен фактор. Имено, не ретко младите подложат на најразлични улични митови и неточни информации кои ги шират и зајакнуваат со авторитетот на тој што ги пренесува (уште повеќе доколку се работи за “популарно” лице и сл.). Меѓутоа доколку истите тие лица се искористат на тој начин што ќе бидат едуцирани и правилно информирани, по што ќе преземат обврска тие информации да ги споделуваат во своите групи, ќе добиеме силна основа за пренос на секаков вид информации. Овој принцип на едукација и информација кој може да се применува во сите групи кои се издвојуваат по некои специфични белези се нарекува и пиер- едукација (врсничка едукација).

Значи, основната идеја е дека младите многу побрзо прифаќаат идеи и информации од сопствените врсници отколку од авторитетни лица, при што неформалната комуникација е пресудна, така да колку повеќе информирани и едуцирани лица постојат во самите групи на млади, толку истите ќе имаат поголема можност да добијат точни информации.

Интернетот кој како медиум е најинтересен и се попристапен до младите треба да се искористи како алатка за пренос на информации.

Воедно не треба да се занемари улогата на семејството како основа на вредносниот систем кој ги диктира основните механизми и вештини за справување со ризиците и способноста да се донесат здрави животни одлуки. Превенцијата на сите несакани појави всушност започнува токму во семејството. Затоа дел од превенцијата би требало да вклучува и зајакнување на односите родители-деца, стекнување на социјални вештини и градење на здрав став кон животот.

Ова не наведува да заклучиме дека дел од превенцијата би требало да ги опфаќа следниве активности:

- Формирање на мрежа на врсници-едукатори во средните училишта;

- Подготовка и дистрибуција на информативни материјали (брошури, лифлети, постери) и веб-сајтови за превенција на трговија со луѓе и комерцијален секс со активно учество на самите млади во целиот процес на креирање и дистрибиурање на информациите;
- Креирање на квалитетно слободно време - организирање воншколски активности дизајнирани од младите и достапни за што поголем број млади луѓе особено за оние кои потекнуваат од семејства со лош материјален и социјален статус како особено вулнерабилна група;
- Организирање работилници за градење социјални вештини и вредности (справување со стрес, справување со конфликти, вежбање асертивност, комуникација и преговарање, конфронтација со притисок и насилство итн.);

**Анекс 1 : ПРАШАЛНИК**

**Healthy Options Project Skopje**
**ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЗИВОТ**

АНКЕТЕН ЛИСТ

ХОПС - Опции за здрав живот Скопје спроведува истражување помеѓу средношколска младина во шест средни државни училишта во Скопје. Целта на истражувањето е да се направи проценка на ставовите и сознанијата на средношколската популација за феноменот на скриена проституција и трговија со луѓе и во согласност со добиените резултати да се развијат активности за превенција на ваквите појави.

Прашалникот е анонимен и служи само за истражувачки цели. Дискрецијата е гарантирана.

Вие сте поканети да учествувате во истражувањето. Затоа Ве молиме искрено да одговорите на прашањата за кои имате свое мислење. Прашањата за кои не го знаете одговорот, едноставно не ги одговарајте.

Истражувањето е поддржано од Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија.

1. Година на раѓање ______________

2. Пол:
а) Машки
б) Женски

3. Етничка припадност:

а) Македонец/ка
б) Албанец/ка
в) Турчин/ка
г) Влав/инка
д) Ром/ка
ѓ) Србин/ка
е) ________
ж) не знам
з) не одговарам

4. Дали излегуваш во вечерните часови?
а) понекогаш
б) често
в) секојдневно
г) не излегувам

5. Каде најчесто се движиш во вечерните часови?
а) диско
б) кафулиња
в) останувам дома
г) во маало
д) ___________

6. Со кого најчесто излегуваш?
а) со пријатели
б) момче/девојка
в) со познаници
г) ____________

7. Дали си имал/а прво сексуално искуство?
а)да
б)не

8. Доколку ДА, на колку години си го доживеал/а своето прво сексуално искуство?
а) пред 14 години
б) од 14-16 години
в) од 16-18 години
г) не сум го доживеал/а

9. Дали имаш постојан партнер (дечко/девојка)?
а) да

б) не

10. Доколку НЕ, дали често ги менуваш сексуалните партнери?
а) да
б) не

11. Колку често ги менуваш сексуалните партнери?
а) секоја вечер
б) еднаш неделно
в) еднаш месечно
г) на шест месеци
д) на подолг интервал од шест месеци

12. Дали користиш средства за контрацепција?
а) да
б) не

13. Кои контрацептивни средства најчесто ги користиш?
а) кондом
б) контрацептивни пилули
в) спирала
г) прекинат сексуален однос
д) __________

14. Дали имаш познавања за сексуално преносливи болести?
а) немам
б) малку
в) имам познавања за СПИ (сексуално преносливи инфекции)

15. Дали користењето на кондомот за тебе претставува табу?
а) да
б) не

16. Дали можеш да купиш кондом?
а) да
б) не

17. Дали ти е срам да купиш кондом?
а) да
б) не

18. Дали некој некогаш ти понудил паричен или друг надоместок за сексуална услуга?

а) да
б) не

19. Дали имаш сознанија за лица од твојата блиска околина кои нудат сексуални услуги за одреден паричен или друг надомест?
а) да
б) не

20. Дали се тоа твои врсници?
а) да
б) не

21. На која возраст припаѓаат лицата кои нудат вакви услуги?
а) под 14 години
б) од 14-16 години
в) од 16-18 години
г) над 18 години

22. Дали се чувствуваш слободен/а на својот сексуален партнер да му/и побараш некоја услуга за која ти е непријатно да им се обратиш на своите родители или пријатели?
а) да
б) не

23. Кои од долунаедените работи можеш во секое време да му ги побараш на својот сексуален партнер? (можеш да заокружиш повеќе одговори)
а) парфем
б) средство за козметика
в) гардероба
г) пари за да излезеш навечер
д) накит
ѓ) поправање на оценка
е) _________________ (нешто друго)

24. Дали си задоволен/на со својот живот овде во Македонија?
а) да
б) не

25. Дали мислиш дека би имал/а подобар живот во странство?
а) да
б) не

26. Дали си размислувал/а да заминеш во странство да работиш (како бебиситер,во кафуле, и др.)

а) да
б) не

27. На кој начин ги добиваш информациите за работа во странство?
а) дневен печат
б) телевизија
в) агенции за посредување
г) пријатели
д) интернет
ѓ) на друг начин како на пример ________________

28. Дали знаеш за одредени опасности при заминување во странство?
а) да
б) не

29. Дали имаш слушнато за трговија со луѓе?
а) да
б) не

30. Дали сметаш дека жртвите на трговијата со луѓе се виновени за тоа што им се случило?
а) да
б) не

31. Дали правиш разлика меѓу доброволна и присилна проституција?
а) да
б) не

32. Доброволна проституција е ______________________________________
____________________________________________________________

33. Присилна проституција е ________________________________________
____________________________________________________________

34. Дали некој некогаш ти предложил:
а) да го придружуваш на забава (коктел)
б) да го придружуваш на некое патување
в) работа во странство/брак за документи
г) да ти изнајми стан
д) да ти купи скапи подароци
ѓ) работа како танчер/ка, келнер/ка, фотомодел
е) не ми предложил ниедно од наведените нешта

35. Кој од долунаведените лица ти понудиле некои од наведените предлози?
а) родител/старател
б) роднини (брат,сестра, братучед, вујко, вујна и сл.)
в) пријатели
г) момче/девојка
д) сексуален партнер/ка
ѓ) познаници
е) авторитети
ж) непознати лица
з) не ми понудиле
и) ______________ (некој друг)

36. Дали за горенаведените предлози во замена биле побарани сексуални услуги?
а) да
б) не

37. Доколку ДА, колку често ти се случува тоа?
а) еднаш неделно
б) еднаш месечно
в) на шест месеци
г) на временски интервал подолг од шест месеци

38. Дали познаваш лице кое е жртва на трговија за сексуална експлоатација?
а) да
б) не

39. Дали некогаш си помислил/а дека и ти самиот/та можеш да станеш жртва на трговија со луѓе т.е да влезеш во неа?
а) да
б) не

Ви благодариме за соработката